

# БРАНКО КОНЧАЛИЕВ

## АКВАРЕЛИ ВО ЧЕСТ НА ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ, ЈУНИ 2011









## „АКВАРЕЛИ ВО ЧЕСТ НА ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ“
## По повод 100 години од раѓањето на Љубомир Белогаски /1911-2011/ и 20 години од формирањето на Галеријата „Љубомир Белогаски“ /1991-2011/

Оваа година кога се одбележуваат 100 години од раѓањето на Љубомир Белогаски и 20 години од формирањето на Галеријата што го носи неговото име, со особена почит се потсетуваме на неговиот лик и дело, на неговиот хуман гест - подарувајќи ги своите многубројни дела во ликовната ризница на нашата култура.

Љубомир Белогаски, академски сликар и педагог, е еден од преставниците на првата генерација современи македонски сликари и основоположници на македонската современа ликовна уметност.

Со особена желба и почит кон градот во кој живееше и твореше, Љубомир Белогаски во 1991 година му подари на Музејот на град Скопје 159 дела работени во периодот од 1929 до 1990 гдина. Донацијата е прва во Р.Македонија и е од посебен интерес за државата. Музејот на град Скопје ја формираше галеријата „Љубомир Белогаски“ во која постојано се изложени неговите ликовни творби како патоказ за идните генерации.

Во знак на сеќавање и пиетет кон личноста и делото на Љубомир Белогаски, врвен мајстор на акварелот, оваа година во рамките на Годишната Програма за одбележувањето на Јубилеите, во негова чест ќе бидат презентирани повеќе самостојни изложби од реномирани автори кои го негуваат акварелот.

Третата изложба, според Програмата, е изложбата на 20 акварели од ликовниот уметник Бранко Кончалиев од Струмица.

## ВО ЧЕСТ НА ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ, МОЈОТ ПОЧИТУВАН УЧИТЕЛ

...Водата нема боја; бојата нема вода...

...и во својата најскриена длабочина, акварелот не е ликовна категорија,

туку егзистенционална.

Уметникот (сликарот на акварелот) не ја допира четката со рака,

ниту со вољата,

туку со неговото его, кое е појако од неговата физичка снага на неговата воља.

Тој пребира по тоновите и нијансите на боите, како музичар кој бара некој

таинствен звук што го има чуено во себе,

и затоа АКВАРЕЛОТ е повеќе од сликарско дело; Тој е самиот Тој - исповед.

(оној што ќе разоткрие, ранлив и беспомошен како секоја искреност!)

А сето тоа е самотијата во нас (неможе некој да ја негира),

и тишината што ја нема во хаосот на секојдневието.

Во суштината е и кажувањето.

Тоа е акварелот;

Суптилност помеѓу стварноста и илузијата...

... и секој нов чекор е таинствен,

и секое отчекување возбудливо!

Затоа акварелот мора да го сакате!

c'est la vie

Бранко Кончалиев

## БРАНКО КОНЧАЛИЕВ

Роден е на 06.11.1949 година.
Дипломирал 1970 година на Педагошката академија во Скопје.
Работи како ликовен педагог 38 години во средни и основни училишта.
Реализирал 15 самостојни и над 50 групни изложби.
Член е на ДЛУС од 1976 година.

Работи и живее во Струмица.
адреса: Вера Циривири бр.34 Струмица.
тел. 071 62 15 11, 077 70 40 23

**Самостојни изложби**
Од 1976 – 2009 година
Скопје, Струмица, Валандово, Кавадарци, Ново Село,
Сандански - Р.Бугарија, Сплит, Трогир - Р.Хрватска

**Групни изложби**
Од 1976 – 2010 година
Учесник е на сите изложби на ДЛУС во Р.Македонија и надвор од неа,
како и на изложбите во изложбениот салон на РУ - Струмица.

**Ликовни Колонии**
Учесник е во работата на повеќе локални и меѓународни ликовни колонии во земјата и странство.







20
ГОДИНИ ОД
ДОНАЦИЈАТА НА
Љубомир
Белогаски
И ФОРМИРАЊЕ НА
ГАЛЕРИЈАТА
ВО МУЗЕЈ
НА ГРАД СКОПЈЕ
1991-2011
Љубомир Белогаски

**МАКЕДОНСКА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА**

**110 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ**





**100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ**

Издавач:
Музеј на град Скопје

За издавачот:
Љубица Саздова Кондијанова, директор

Организација:
Дора Андова Фотева

Фотографија:
Георги Кончалиев

Дизајн:
Кочо Фиданоски

Компјутерска подготовка:
Бане Галиќ

Печат:
ГЦ Југореклам, Скопје
Јуни, 2011

100 ГОДИНИ
од раѓањето на
Љубомир
Белогаски
1911-1994
МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ 15.04.2011

Изложбата и каталогот се реализирани со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија